Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

# Младите новинари од терен

*Локални перспективи за европска интеграција*




ЗНМ Здружение на новинарите на Македонија
FEP EFJ EJF European Federation of Journalists
Иницијатива за ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА
ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ НОВУС
Медија Флеш Здружение за медиумска писменост

# СОДРЖИНА


**Вовед** 03

**Сторија 1:** Со Еразмус Плус програмата до поедуцирани и поинфирмирани млади и поотворени општества 06

**Сторија 2:** Амфитеатрите се празнат, плодните површини останувaат не засадени: Демографскиот удар врз македонскиот аграр 10

**Сторија 3:** „Еразмус +“ проектите им ги отвораат европските порти на младите струмичани 14

**Сторија 4:** Европските проекти во Струмица - нова традиција со квалитетна инвестиција 14

**Сторија 5:** „Еразмус плус“ програмата-мост за поврзување на младите од Северна Македонија со нивните врсници од Европа 14



Овој документ е изработен во рамки на проектот "Информирана Локална Заедница: Медиумска Писменост и Етичко Известување според ЕУ стандарди", кој е поддржан преку програмата за мали грантови на „Тренинг-Академија за новинари и медиумски работници – Т-АЈМ“, финансирана од Европската Унија.

# ВОВЕД

**ИНФОРМИРАНА ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА:** МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И ЕТИЧКО ИЗВЕСТУВАЊЕ СПОРЕД ЕУ СТАНДАРДИ

Проектот Информирана Локална Заедница: Медиумска Писменост и Етичко Известување според ЕУ стандарди се фокусира на подобрување на информираноста за Европската унија (ЕУ) во регионот на Струмица, со цел да ги зајакне локалните перспективи за европска интеграција. Недостатокот на квалитетни информации за ЕУ претставува значаен предизвик за граѓаните и медиумските организации, а проектот има за цел да обезбеди точни и релевантни информации преку едукативни програми и медиумска поддршка. Главната цел е да се засили новинарската етика, плурализмот во медиумите и дигиталната писменост, овозможувајќи на граѓаните активно учество во процесите на европска интеграција.

Во рамки на проектот имавме активности кои го поттикнаа учеството на млади новинари преку креативно пишување стории за Европската унија и процесите на интеграција. Под менторство на искусни новинари, овие млади гласови се ангажираа во истражување на теми поврзани со Европски проекти и Еразмус+ програмата.



Младите новинари, во соработка со искусни ментори, ги истражуваа и претставија темите поврзани со Еразмус и европските проекти преку својот креативен и аналитички пристап. Тие успеаја да ги доближат европските иницијативи до пошироката јавност, претставувајќи ги како можности за личен и професионален развој на младите во регионот. Нивните стории не само што го информираа локалното население за начините на учество во овие проекти, туку и ја истакнаа важноста на европските интеграции за заедничкиот развој и прогрес.



# Со Еразмус+ програмата до поедуцирани и поинфирмирани млади и поотворени општества

***Никол Клесова смета дека Еразмус Плус ѝ дал сосема нова насока на нејзиниот живот.***



Никол Клесова има 23 години и огромно искуство со учество на Еразмус размени и проекти. Почнала уште како млада средношколка, поттикната од искуствата на блиски луѓе, а продолжила поради сетоа тоа што Еразмус го преставува: искуства, нови знаења, градење мостови и пријателства, трајни контакти и разбирање со младите од цела Европа и пошироко.

*„За Еразмус Плус програмата првпат дознав пред неколку години, на мои 16г. преку пријатели и преку социјалните мрежи. Моето прво Еразмус искуство беше некаде во 2017 година, во Турција, во гратчето Кајсери каде што учествував на младинска размена на темата спорт“*, вели Никол.

Седум години подоцна, Никол е младински работник и мотивира и други млади луѓе да бидат дел од овие размени. Вели дека сето позитивно искуство што таа го имала, сака да им го пренесе и на другите млади луѓе од локалната заедница, но и пошироко.

*„Еразмус програмата им дава можност на млади личности од цела Европа, без разлика од каде доаѓаат, да се зближат, да се сплотат, да работат за една цел. Секој Еразмус Плус проект се одржува во различна држава, на различно место, на поинаква тема. Мислам дека таа различност е важна, јас на пример досега сум запознала многу луѓе од различни земји со кои сè уште имам контакти. Ако не беа овие Еразмус Плус проекти немаше да запознаам луѓе од толку различни култури и да стекнам пријатели за цел живот“*,
додава Никол.




*„ Ќе почнам од придобивките за заедницата, бидејќи мотото на Еразмус е поврзано токму со тоа. Без разлика дали станува збор за учесници граѓански организации, индивидуалци, училишта градински, универзитети, размена на студенти, на прфоесори, тренинзи за дообразование итн, придобивките за заедницата се огромни. Јас тука би искоментирала дека ние како држава, како организација, не сме доволно запознаени со сите можности што ги нуди Еразмус Плус програмата за заедницата. Би повторила дека се огромни придобивките како за заедницата, така и за индивидуалците кои учествуваат во Еразмус Плус програмите.Огромен е бенефитот и за организациииите. Зборувам пред сѐ од аспект на размена на искуства, на добри практики за работа, еве Новус како организација која спорведува младински политики успеа да најде нови методи за работа на програмите што ги работиме, да стекнеме интернационални партнери, да се стекнеме со знаења, методи и експертиза која не би ја имале ако не сме биле учесници и носители на некои Еразмус Плус проекти“*, вели Ана Клесова-Велковска.

*„Досега имам учествувано на повеќе Еразмус Плус проекти, над десетина. Секое Еразмус+ патување носи ново искуство. Мислам дека овие размени ме изградија како личност, да имам разбирање и емпатија кон другиот, да ги почитувам сите вери и нации, сите луѓе, да го проширам видикот. Ми помогна да ги запзонаам различните култури, да ги разбијам предрасудите и стереотипите што сум ги имала за некои држави“*, вели Никол за своето Еразмус Плус искуство.

Сега Никол е активна во граѓанската организација „Новус“, каде членува и нејзината повозрасна сестра Ана. Заедно се насочени Еразмус Плус да биде поприсутен во општеството и меѓу младите луѓе. Организацијата веќе три години е дел од Еразмус Плус проектите и веќе увиделе дека има многу придобивки и за нив како мала организација, но и за заедницата.





***Според Ана потребен е поголем напор од сите општествени чинители за максимално искористување на ресурсите и можностите што ги нуди Еразмус.***

*„ Апсолутно дека е потребен посериозен пристап на државата, а особено на образовните институции за Еразмус Плус програмите и проектите, бидејќи како што споменав Еразмус + не е само за организации или за индивидуалци. Имаме програми за размена на студенти, размена на средношколци, размена на професори, размена на универзитетски професори, потоа на деца од градинка, така што потребна е пред сè поголема промоција на овие програми, тука Националната агенција за европски образовни програми и мобилност постојано укажува на тоа дека недоволно организации и поединци ги користат можностите што ги нуди Еразмус преку своите програми. А и во круговите на организациите познато е дека како држава не ги искористуваме средствата што Брисел ги нуди а се предвидени за програмите Еразмус за нашата држава. Секоја година за жал фондот на средствата што ги одделува Брисел се намалува бидејќи немаме механизам, немаме доволно човечки ресурси кои успешно би менаџирале и би работеле со Еразмус + програмите. Тоа е еден голем проблем на кој мора да се работи, да се стекнат капацитети кај луѓето, кај институциите и организациите, за подобра работа со овие програми, за да може средствата што ги одделува Брисел да бидат квалитетно искористени, но и да може да се користат уште повеќе средства“*, додава Клесова-Велковска.



И основните и средните училишта од Општина Струмица веќе имаат значајни искуства од Еразмус Плус програмата. Трите средни училишта велат дека овие програми им дале поинаква перспектива за реализација на многу наставни и вонннаставни активности, ги продлабочиле знаењата и искуствата на професорите во многу области, а како посебна придобивка ја истакнуваат мобилноста на учениците.



**Актуелната Еразмус Плус програма за седумгодишниот период 2021-2027 година има рекорден буџет од 28,4 милијарди евра и планира да опфати повеќе од 10 милиони учесници.**

Според информациите што ги добивме од средните училишта „Јане Сандански“, „Димитар Влахов“ и „Никола Карев“ Еразмус Плус станува сѐ поинтересен за просветните работници, н ои за учениците. Велат дека се обидуваат да создадат поттикнувачка атмосфера за што поголем број професори да се вклучат и да се пријават за вакви програми. На годишно ниво овие училишта реализираат по неколку Еразмус Плус проекти кои вклучуваат тренизни за прфоесори, но и размена на ученици.

Од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност велат дека учениците и наставниците од Македонија имаат одлични можности за мобилност и вмрежување со врсниците, т.е. колегите од другите земји во Европа преку Еразмус Плус програмата на Европската Унија. Тие потенцираат дека тоа е добар начин за размена на искуства, согледување на позитивни практики и нивна примена во нашата земја.







*„Еразмус Плус им нуди можност на младите луѓе да се образуваат и да напредуваат како и нивните врсници од Европската Унија. Младите треба да ги користат ваквите програми и фондови на Европската Унија за да се изградуваат во личности со способности, отворени за нови знаења и искуства“*, велат од Националната агенција.

**Како дел од придобивките тие ги посочуваат зголемените компетенции на младите, но и отворање на можности за формално и неформално образование.**

Статтистиката на Националната агенција говори дека Еразмус Плус и досега извршила големо влијание врз македонското образование. За период од шест години направени се повеќе од 1.200 договори за соработка меѓу универзитетите од Македонија со Европските универзитети, влезна мобилност од 2.354 студенти и професори, и излезна од 2.214. Овие бројки се однесуваат на периодот 2014-2020 и тоа само во високото образование.

*„Еразмус Плус им нуди можност на младите луѓе да се образуваат и да напредуваат како и нивните врсници од Европската Унија. Младите треба да ги користат ваквите програми и фондови на Европската Унија за да се изградуваат во личности со способности, отворени за нови знаења и искуства“*, велат од Националната агенција.

**Ментор:**

**Сузана Мицева**

**Млади новинари:**

**Адем Мемедов, Данче Василевска, Љупче Ињачев, Никола Киров.**

# Амфитеатрите се празнат, плодните површини остануваат не засадени: Демографскиот удар врз македонскиот аграр

Падот на интересот за земјоделските студии во Македонија претставува сериозна закана за иднината на домашното производство на храна. Во последните неколку години, забележан е значителен пад на бројот на запишани студенти на агрономските факултети низ целата земја, што доведува до недостиг на нови кадри во секторот. Овој тренд е особено загрижувачки, со оглед на важноста на земјоделството за националната економија и обезбедувањето храна.




Причините за овој пад се комплексни и вклучуваат: **миграција на населението од рурални во урбани средини, ниските откупни цени на земјоделските производи, трендот на иселување на младите, неадекватни образовни програми и недоволна поддршка од страна на институциите.**

Дека градовите им се поудобни за живеење на младите, нудејќи повеќе можности, покажуваат и податоци на Државниот завод за статистика, за миграциите од рурална во урбана средина.

Во 2015 година, вкупниот број лица кои мигрирале од рурална во урбана средина се зголемил за 2,7% во однос на претходната година. Бројот на мигрирани лица на возраст 15-29 е намален за 2,0%, а на лицата што се на работоспособна возраст (30-64) е зголемен за 9,0%.



Во 2015 година продолжува трендот на зголемување на миграцијата од која било средина во урбана, особено во главниот град, каде што се доселиле повеќе од половината од мигрираните. Не може да се изостави и фактот дека во Македонија се регистрирани 185 834 жители помалку отколку пред две децении.

Од земјоделските факултети на државните универзитети, велат дека секогаш излегуваат во пресрет кога станува збор за студентите. Се обидуваат да ги поттикнуваат тековните и идните студенти преку доделување стипендија, ослободување од партиципација итн. Проф. д-р Емилија Арсов, декан на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, вели: „Нашиот Универзитет секогаш ги стимулира тековните и идните студенти, имајќи го во предвид фактот дека неколку години по ред Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип доделува стипендии – ослободување од партиципација – школарина на прворангираните 20 студентите кои ќе се запишат на Земјоделски факултет, во сите три наставни центри – Штип, Струмица и Кавадарци, рангирани според постигнат успех од средно образование, кој не треба да е под 80 поени. Директната соработката со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е исто така многу важна за нашите студенти. МЗШВ доделува стипендија од 18.000 ден за студенти на факултетите кои изучуваат земјоделски, шумарски и ветеринарни науки, студенти од втора година на студии па нагоре со просек над 8.5.



Професорката Арсов, додава дека: „Земјоделскиот факултет постојано ја негува конекцијата со агро бизнис секторот, нивниот развој, потреба од агрономи инженери, како и потреба од обуки на ниво на факултет како и обука на наставниот кадар со современите методи, трендови и иновации,“ нагласувајќи дека, „Струмица како град со висококвалитетно земјоделско производство, мора да продолжи и остане бренд во градинарското производство.

**И покрај тоа, загрижувачки опаѓа бројот на студентите на земјоделските факултети. Во последните 15 години, бројот на студентите на земјоделските факултети опаднал за речиси 6 отсто.**

Според податоците објавени од Државниот завод за статистика, бројот на запишаните студенти на земјоделските факултети на државно ниво, конкретно на УКИМ и УГД, во временски период од академската 2009/2010 до академската 2023/2024 е во опаѓање за 5,98 отсто. Во академската 2009/2010 година бројот на запишани студенти изнесувал 1227 и секоја година постепено опаѓа со што во 2023/2024 доаѓа до бројка од 454 студенти. Во оваа временска рамка најголем број студенти (1414) запишале земјоделски факултет во академската 2010/2011.



Бројките покажуваат дека е потребно да се внесат промени во целокупниот систем со цел да се стимулираат младите да градат кариера како агрономи инженери, одговорни за производство на безбедна храна.

*„Секојдневната потреба од храна, неискористените плодни површини, се само дел од причините зошто да се размислува да се вложува труд, упорност и време за учење на земјоделските науки. Предизвиците се пред нас, промени во целокупниот систем на производство мора да постојат, а се разбира и постојана поддршка од ресорното министерство е неопходна и важна за активирање на младите во секторот производство на храна”* – вели проф. д-р Арсов.






Стремејќи се да бидеме дел од европското семејство, потребно е државата да имплементира стратегии и практики усвоени во државите на ЕУ со кои се поттикнуваат младите за изучување на земјоделски науки. „Најважна е модернизацијата на наставната програма преку инкорпорирање на најновите технологии во земјоделското производство како прецизно и паметно земјоделство, агротехнички иновации и практики за одржливост на агроекосистемите“ – вели професорката Фиданка Трајкова од Земјоделскиот факултет при УГД, додавајќи дека „покрај модернизација на наставните програми во студиите на земјоделските факултети, потребни се квалитетни политики за рурален развој, односно поддршка на руралното образование и програми засновани на заедницата, односно развивање образовни програми засновани на заедницата кои ги поврзуваат студентите со локалните фарми и земјоделските компании.“



Важен аспект од европските практики кој би го зголемил интересот за ангажирање и напредување во земјоделскиот сектор е воспоставување и развој на иновативни центри кои се фокусираат на земјоделската технологија.

*„Поддршката за истражување и иновации, односно безбедување финансии за истражувања во земјоделските науки, особено во областите поврзани со одржливост, климатски промени и безбедност на храна, како и воспоставување и развој на иновативни центри кои се фокусираат на земјоделската технологија и претприемништвото, привлекувајќи студенти заинтересирани за најсовремени случувања во овој важен, разновиден и интердисциплинарен сектор“* – нагласува проф. д-р Трајкова.

Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје во своето повеќе од седум децениско постоење, во новата академска 2024/2025 година, нуди студиска програма - интердисциплинарни студии по Дигитално земјоделство единствена од ваков вид во земјава.



„Новата студиска програма - Дигитално земјоделство на ФЗНХ - Скопје ги комбинира традиционалните знаења со најновите технолошки и дигитални иновации. Оваа програма е создадена за идните лидери во земјоделскиот сектор, кои ќе применуваат дигитални технологии, автоматизација и големи податоци за да креираат одржливи и ефикасни земјоделски практики" – вели првиот човек на ФЗНХ – Скопје, деканот проф. д-р Миле Маркоски.

Проф. д-р Миле Маркоски додава дека: *„Современиот земјоделски инженер со специјализација во дигитално земјоделство игра клучна улога во трансформацијата на македонските земјоделски компании преку усовршувањето на вештините за управување со новите технологии, како ГПС или сензори за прецизно следење на состојбата на почвата и растенијата и слично.“*

Правилен чекор ќе преземат во нивното образование идните бруцоши, доколку се запишат на земјоделски факултет уверуваат дипломираните студенти на земјоделските факултет. Александра Цековска дипломиран инженер агроном, вели дека иако, очекувано и логично било да студира фармација, затоа што со средното образование се стекнува со звање, фармацевтско-лабораториски техничар, таа се определила за Земјоделскиот факултет на УГД.

*„Главна причина за таквата одлука беше тоа што сите активни материи во лековите и фармацевски препарати се добиваат од растенија, дел од тие растенија се култувираат за екстракција на соодветни секундарни метаболити, а во суштина растителната биотехнилогија нуди алатки за in vitro добивање на секундари метаболите. И така се најдов на Земјоделскиот факултет и како поминуваат годините на студирање, се уверувам дека мојот избор е сосема правилен и вистински.“*



**Доколку трендот на опаѓање на бројот на студентите на земјоделските факултети продолжи, македонското земјоделство би можело да се соочи со сериозни предизвици во обезбедувањето на доволно квалификуван кадар за одржување на продуктивноста и квалитетот на домашното производство на храна.**

**Ќе успеат ли земјоделските факултети да се наметнат како клучен извор на иновации и стручност во земјоделскиот сектор, обезбедувајќи стручен кадар, кој ќе ја засее иднината на македонското земјоделство, останува да видиме.**


**Ментор:**

**Данче Ичева**

**Млади новинари:**

**Величе Илиева, Филип Костов, Василија Ѓорѓиева, Марија Стоилова.**

# „Еразмус +“ проектите им ги отвораат европските порти на младите струмичани

Во Општина Струмица „Еразмус +“ проектите се реализираат во средните училишта, но и поголем број млади од различни граѓански здруженија ги ползуваат бенефитите и придобивките што ги нудат овие активности. За тоа доволно зборуваат големиот број реализирани проекти од страна на средните училишта и затоа сите корисници на оваа програма се во право кога велат дека „Еразмус +“ проектите им ги отвораат европските порти на младите струмичани, но и на нивните професори и ментори.






Интересно е искуството на Данче Кирова од Здружението ЦИА „НОВУС“, која вели дека тоа за неа било трансформативно за нејзиниот личен и професионален развој.

*“Присуствував на повеќе од 10 размени, меѓу кои се младински размени, тренинг курсеви и активности за градење партнерства (PBA). Секоја од овие активности ми помогна да стекнам нови вештини, како комуникација и тимска работа, но и да научам за различни култури и пристапи кон решавање на проблеми. Програмата ми отвори многу врати за нови можности и ми овозможи да ги проширам моите професионални мрежи, кои ми се од корист во мојата кариера. Дополнително, преку овие активности научив како да бидам пофлексибилен и иновативен во моето размислување, што ми помогна да се справувам со различни предизвици во професионалниот и личниот живот”,* вели Кирова.

**Додава дека благодарение на програмата имала можност да посети многу држави како Шпанија, Романија, Бугарија, Босна, Албанија, Словенија, Црна Гора, Турција и други.**

*Богато е искуството на Ана Марија Јованова, студент на Факултетот за медицина при УГД „Гоце Делчев“ во Штип, која шест месеци престојувала во Португалија како дел од програмата „Еразмус +“. Таа учела на Универзитетот „Polytechnic Institute of Leiria“, каде стекнала многу нови знаења.*



*“Таму не само што стекнав нови знаења, туку и навистина ја почувствував суштината на физиотерапијата на терен. Polytechnic Institute of Leiria ми овозможи уникатен пристап до практично искуство, што ми помогна да ја применам теоријата на многу поинаков начин од она што сум го искусила досега. Работењето со пациенти, учењето од искусни професори и разгледувањето на различни методологии во физиотерапијата, ми отворија нови перспективи и ми дадоа поттик за понатамошно усовршување. Она што особено го ценам е можноста да ги споредам образовните системи во Португалија и кај нас. Забележав големи разлики во пристапот кон едукацијата, што ме мотивираше да размислувам за нови начини на развој во мојата струка. Овие разлики не само што ми го збогатија знаењето, туку и ми помогнаа да ги согледам предностите и предизвиците на различни системи. Покрај академскиот и професионалниот аспект, запознав неверојатни луѓе од различни делови на светот, кои ми станаа блиски пријатели. Заедно истражувавме нови култури, јазици, и делевме искуства кои ќе останат со нас засекогаш. Ова искуство во Португалија ме направи посамоуверена, пофлексибилна и поотворена за нови можности. Верувам дека сите овие научени лекции ќе имаат значајно влијание врз мојот понатамошен развој како физиотерапевт и како личност. Ерасмус програмата ми го промени животот на подобро, и со нетрпение очекувам да ги применам овие искуства во мојата иднина”* ни го раскажа своето искуство Јованова.






Од трите средни училишта во Струмица, кои реализираат вакави пороекти побаравме информација од СОУ „Јане Сандански“ и Средното училиште „Никола Карев“. И двата средношколски центри имаат со што да се пофалат, а нивните проекти и реализацијата на истите се препознати и пошироко.

Според Зоран Петков, директор на ДСУ-РЦСОО „Никола Карев“ Струмица, во периодот од 2022-2024 година реализирале или се во тек на реализација шест проекти, а други ќе се реализираат во наредниот период.

Тој ги издвои следните проекти:

„Вклучување на европската стручна пракса во македонското средно образование“ (2022 – 2024) завршен проект, кој се реализирал како краткорочни мобилности на ученици од машинската и текстилната струка во Брага, Португалија и Лимасол, Кипар и краткорочна мобилност на наставен кадар во Шкојдиц, Германија.

Потоа, „Една планета – една дестинација – обновување на еко-системот“ (2023 – 2025), (тековен проект), кој е во партнерство на Северна Македонија, Турција, Грција и Португалија и во рамките на истиот се реализираат физички мобилности кај сите партнери, виртуелни работилници и настани за промоција на целите на истиот.

„Истакнување на европското наследство преку одржлива креативност и циркуларна економија“ (ИНТЕРАКЦИЈА)“ (2023 – 2025), (тековен проект), кој е во партнерство на организации од Северна Македонија, Грција, Кипар, Полска и Литванија, под координација на ДСУ-РЦСОО „Никола Карев“ Струмица и претставува единствен проект во Северна Македонија кој до сега има добиено толкава вредност на грант.

“Математичко образование: откривање нови патеки“ (2023 – 2025), (тековен проект). Тој се реализира во партнерство помеѓу училишта од Северна Македонија, Србија, Турција и Романија (координатор).

„Дигитална гејмификација за спречување климатски промени“ (2024 – 2026), (тековен проект), се реализира како партнерство помеѓу училишта од Северна Македонија, Финска, Турција и Малта (координатор). Во рамките на истиот се реализираат физички мобилности кај сите партнери, виртуелни работилници и настани за промоција на целите на истиот.



„Креирање образовна мрежа за обновливи извори на енергија-водечки иницијативи за зелена и хармонична иднина“ (ЗЕЛЕНА СВЕТЛИНА) (2024 – 2026), (тековен проект), се реализира како партнерство на институции од средното и високото образование од Северна Македонија, Португалија, Грција и Турција, координиран од Универзитетот во Мула, Турција.

Директорот Петков, го најавува и следниот проект „Подобрување на квалитетот на програмите за обука за обновливи извори на енергија (2024 – 2026), кој е партнерство на образовни и невладини организации од Северна Македонија, Италија, Португалија, Бугарија и Турција (координатор), како и „Циркуларна креативност“, кој ќе се реализира преку партнерство на образовни и стопански организации од Северна Македонија, Австрија, Грција и Бугарија (координатор).







Дополнително, ДСУ-РЦСОО „Никола Карев“ Струмица во април 2024 година беше домаќин на ученици од Франција преку реализација на 14-дневна програма која вклучува учење преку работа во три струмички компании („Автодијагностика“, „АБ Новоселски“ и „Центар за возила Струмица“), а е резултат на соработката на ДСУ-РЦСОО „Никола Карев“ - Струмица со АФОРПА групацијата на стручни училишта од Париз, Франција, чија основна дејност е стручно образование и обука во автомобилската индустрија. Таквата соработка меѓу двете институции е воспоставена 2023 година, преку препознавање на успесите на ДСУ-РЦСОО „Никола Карев“ - Струмица во реализираните „Еразмус+“ активности во стручното образование и обука, изјави директорот Зоран Петков

Во учебната 2023/2024 година Средното општинско училиште „Јане Сандански“ почна со реализација на нов Еразмус+ проект, додека останатите успешно завршија минатата учебна година. Станува збор за проектот School for School (Училиште за училиште), финансиран по Програма Еразмус+ од Европската Унија 2020-2027. Носител на проектот е Name Miasto Poznań (ZESPOL SZKOL Z ODDZIALAMI SP), училиште од Полска, а останати партнери се училишта од Шпанија, Италија и нашето, вкупно 4 партнери.




Директорката на училиштето, Невенка Стојанова, ни посочи дека Првата мобилност била во Монополи - Италија, каде се заокружиле активностите од првиот дел т.н. „Различни, но исти“, со цел прифаќање на различностите и запознавање на сопствениот потенцијал.

Домаќин беше училиштето IC “Vito Intini”, каде учениците беа сместени во италијански семејства и активно инволвирани во наставата со своите домаќини. Освен тоа, учествуваа и на различни активности како работилница за толеранција, таико изведба, уметничка лабораторија, изработка на паста, мулти-културна вечер.




Наставниците Софија Тошева и Елизабета Витанова имаа прилика да држат часови на италијанските ученици и да разменат искуства со колегите. Во октомври нашето училиште ќе биде домаќин на втората мобилност, со гости од Полска, Италија и Шпанија. Во октомври 2023, нашето училиште беше домаќин на две колешки од Латвија, кои ги обучувавме на темите: Онлајн алатки за развој на курсеви (Moodle) и изработка на видеа (Canva). Проектот со рег. бр. 2023-1-LV01-121ADU-000135522 е финансиран од Националната агенција во Латвија, а нашето училиште се јавува како партнер-обучувач, ни изјави директорката Стојанова.

Додава дека во последната учебна година училиштето започна нов проект од областа на 3D печатењето. Името на проектот е ESTEM 3D, координатор е партнер институцијата Novatex Solution од Кипар и другиот партнер е од Грција, Etairia Draseon Epimorfosis од секторот за Образование на грчкото министерство.

Преку овој проект нашето училиште ќе се вклучи во технологијата на 3Д печатењето, кое може да се имплицира како примена во повеќе наставни предмети. Преку проектот се предвидени и купување на 3Д печатачи и материјали за работа со нив. Предвидени се изработка на курсеви кои ќе бидат достапни преку соодветна платформа и до наставниците и до учениците.

Првата мобилност беше реализирана од 15 до 17 август, во Ларнака, Кипар. Претставници од нашето училиште беа Директорката Невенка Стојанова и професорките Софија Тошева и Елизабета Витанова.

На состанокот беа прецизирани деталите за текот на проектот. Домаќините ги претставија типовите печатачи кои треба да се обезбедат, и демонстрираа практични изработки. Во проектот е планирано да се вклучат повеќе наставници од нашето училиште кои поседуваат дигитални вештини, а исто така ќе се вклучат и сите заинтересирани ученици. Проектот е двегодишен и треба да трае до Септември 2025 година. Координатор на проектот е професорката Елизабета Витанова, вели Стојанова.

Во април 2024 година заврши реализацијата на проектот STEMBOT. Тоа беше проект во траење од 30 месеци, во кој „Јане Сандански“ беше партнер а координатор беше институт од Франција. Станува збор за мошне интересен и креативен проект, кој го поттикна интересот не само кај учениците за развивање на активности од СТЕМ областа туку и пошироко.

**Ментор:**

**Веле Појразовски**

**Млади новинари:**

**Соња Појразовска, Катја Маглешева**
**Зорица Спасова**

# Европските проекти во Струмица - нова традиција со квалитетна инвестиција



Европскиот сон кој го сонуваат многу граѓани на нашата држава за влез во најголемото европско семејство можеби еден ден ќе стане реалност. Овој влез најмногу го посакуваат младите затоа што носи просперитет и бенефите од кои сега се лишени во однос на нивните врсници од државите – членки на Европската Унија. Патот до ЕУ за нас излезе многу долг и тежок, но велат дека надежта последна умира и ние сеуште се надеваме и веруваме во европската иднина на нашата држава. Во меѓувреме, единствено што можеме да добиеме се благодетите од Европските фондови преку финансирање на проекти кои што значат поквалитетен живот за сите граѓани. Имаме среќа што живееме во Струмица – општина којашто меѓу првите го препозна значењето на европските фондови и е на врвот по искористеноста на средства од нив. Реализираните проекти одлично се вклопија во нашата Струмица - ѕвезда под небото, како совршена сложувалка и посакувана дестинација за живеење.

Но, сето тоа бара многу труд, знаење и време. Европската Унија не е магично стапче со кое проектите коишто ги посакуваме, може веднаш да ги претвори во реалност којашто ја посакуваме. Како држава и општина за кои се значајни европските инвестиции, мора сериозно да се потрудиме и да ги почитуваме европските критериуми и стандарди, да учиме, да се развиваме и напредуваме во секој поглед.

Општина Струмица се издвојува како една од водечките општини во државата, со над 17 години искуство во работа со европски фондови. Одделението за меѓународна соработка и европски фондови при Општина Струмица, формирано во 2014 година, игра клучна улога во управувањето и координацијата на овие процеси, со фокус на продлабочување на меѓународната и прекуграничната соработка на Општината и обезбедување финансиски средства од Европската Унија и други странски донатори.

Општина Струмица, во партнерство со општини, институции и организации од странство, успешно има спроведено 17 проекти финансирани преку различни програми на Европската Унија. Овие проекти ги опфаќаат сите сфери на општественото живеење, вклучувајќи: реновирање на детски градинки, изградба и реконструкција на основни и средни училишта, изградба на фекални и атмосферски канализациони системи, изградба на пречистителна станица, уредување на паркови и зелени зони, реставрација на културно-историски споменици, уредување на спортски терени, изградба на пешачки патеки и изградба на велосипедски патеки во градот Струмица во вкупна вредност од над 10 милиони евра.

Проектите финансирани од европските фондови имаат значително позитивно влијание на локалната заедница и младите во Општина Струмица. Исклучително важно е што со европски средства се имплементирани многу добри европски практики и поттикнати прогресивни иницијативи за подобрување на квалитетот на животот на сите граѓани. Изградбата и реконструкцијата на образовните институции, како што се училиштата и детските градинки, создадоа подобри услови за учење, зголемувајќи ја мотивацијата и успесите на учениците. Подобрувањето на инфраструктурата, доведе до повисок квалитет на живот. Уредувањето на спортските терени и изградбата на пешачки и велосипедски патеки ги поттикнуваат младите на физичка активност и здрави навики. Овие проекти не само што обезбедуваат конкретни подобрувања, туку и ја поддржуваат општата благосостојба на заедницата и интеграцијата на прогресивни европски практики. На настаните организирани во рамки на проектите финансирани од ЕУ свое учество имаат земено 1.326 учесници од Струмица, на овој начин учесниците се поврзуваат со колеги од другите земји, градови, разменуваат искуства, знаења, информации коешто позитивно влијае врз младите и предизвикува поттик и желба за вклучување и на други лица кон овие европски проекти.








**За европските проекти посебно се слуша гласот на младите и кога би ги прашале како би ги опишале проектите, нивниот прв збор е „забава“, потоа искуство, волонтирање, соработка, дружење. Тоа се активности кои им се неопходни на младите, а чија цел е квалитетен живот.**

Овде би се поставило прашањето како квалитетот и забавата можат да бидат на исто рамниште, бидејќи овде не спречуваат балканските предрасуди кои велат дека без мака не се остварува добар, односно квалитетен живот, но Европската Унија ги руши предрасудите со своите современи сфаќања, нудејќи им на сите луѓе, не само на младите една нова водечка идеја како преку забава да постигнат квалитетен живот.



Велиме не само младите туку сите луѓе без ограничености, тоа можеме да го докажеме со интересен факт кој тврди дека најмладиот учесник на проектите односно на настан кој бил организиран од соработката помеѓу Република Македонија и Бугарија имал само 4 години, зел свое учество во креативна работилница за изработка на цртежи на тема „Енергетска ефикасност“ во општина Ќустендил, Република Бугарија. Додека најстариот учесник којшто учествувал на настан организиран во рамки на проект од прекуграничната соработка со Република Бугарија имал 75 години, учествувал на настан за промоција на туристичката понуда на Ќустендил каде активно се вклучил во дискусијата и раскажал легенди и преданија кои го красат Ќустендил и неговото културно наследство

***Општина Струмица склучи партнерство со 4 општини од Република Бугарија и има спроведено 7 проекти финансирани преку Интеррег-ИПА Програмите за прекугранична соработка. Вредноста на овие проекти кои изнесува близу 3 милиони евра.***



Во рамките на спроведувањето на проектите финансирани од Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, се организирани настани, работилници, форуми, обуки, панел дискусии, саеми и други јавни настани кои меѓу другото имаат и за цел воспоставување на соработка помеѓу различни целни групи од двете држави.

**На овие настани свое учество од Струмица имаат земено 938 учесници како и учесници од Југозападниот регион на Република Бугарија.**

Општина Струмица се претстави на Меѓународниот саем за туризам во Софија, Бугарија каде го промовираше брендот „Струмица-Ѕвезда под небото“ и ја стекна наградата за најдобар туристички бренд со интегриран туристички производ.
Во рамките на проектите се изградија рекреативни патеки и пристапни патеки до културно-историски и религиозните објекти во пределите на Југоисточниот регион на Република Северна Македонија како и во Југозападниот регион на Република Бугарија.

Се склучија и договори помеѓу општина Струмица со 4 компании од Република Бугарија за јавни набавки, како резултат на почитување и успешно исполнување на меѓусебните договори.



Заради долгогодишното учество во исполнување на резултатите од Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, општина Струмица успеа да воспостави партнерство со 4 општини и 3 институции од регионот на Југозападна Бугарија.

Најзначаен, а можеби и најпознат европски проект на територијата на општина Струмица е проектот наречен „Струмица-Паметен Вело Град“.



Овој проект не само што реши конкретен проблем во општина Струмица, туку исто така стана пример на добра практика и постигна значителен успех. Изградени се 6 километри велосипедски патеки, со дополнителни 6 километри кои се во фаза на изградба и 3 километри кои ќе отпочнат да се градат следната година. Најголемото постигнување е воведувањето на велосипедскиот сообраќај во градот, што постави нов стандард за идни проекти. Овие патеки се реализираат на различни типови улици и булевари, без разлика дали се пошироки или потесни, што претставува модел за иднината на урбаната мобилност во Струмица.



Овој проект нуди и подигнување на јавната свест за вело-културата и за зголемена употреба на велосипедот. Придобивката од проектот е стекнувањето на вело навики кои создаваат еколошки решенија. Со проектот „Струмица-Паметен Вело Град“ градот Струмица стана првата македонска општина која воведе нов сообраќај по примерот на светските трендови, а со тоа придонесе за почиста животна средина.

Како резултат на долгогодишното учество во исполнување на резултатите од Програмата за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Грција, општина Струмица воспостави партнерство, успешна и плодна соработка со општина Кукуш, општина Серес, Регионот на Централна Македонија, како и институции и организации кои се под надлежност на Регионот, преку размена на искуства, добри практики, знаења и информации. Досега се спроведени 5 проекти финансирани преку Интеррег-ИПА Програмите за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Грција. се изврши конзервација, реставрација и делумна реконструкција на тврдината „Цареви Кули” во Струмица, се изгради пристапен пат до локалитетот Цареви Кули, идентификувани, мапирани и категоризирани се 25 пешачки патеки за алтернативен туризам на територијата на општина Струмица во вкупна должина од 112 километри.

Го прашавме раководителот на Одделението за меѓународна соработка и европски фондови во општина Струмица, дали постојат мерливи резултати и примери на конкретни подобрувања?



*„Секој проект има свои уникатни индикатори кои го отсликуваат неговиот успех. Некои од резултатите се изразуваат преку квантитативни показатели, како што се бројот на изградени километри велосипедски, пешачки или пристапни патеки, површината на уреден простор, бројот на реконструирани објекти, намалувањето на потрошувачката на електрична енергија и слично.*

*Од друга страна, резултатите поврзани со организирани обуки, настани, работилници, форуми и саеми се оценуваат квалитативно. На пример, мали настани овозможиле воспоставување на соработка меѓу различни целни групи од различни држави, што довело до размена на искуства, знаења и добри практики. Еден саем, организиран пред десетина години, резултираше со контакт помеѓу две компании, кој прерасна во успешна соработка со позитивни финансиски резултати за двата субјекти. Знаењето кое младите го стекнуваат преку учество во ваквите обуки е непроценливо. Проценката на постигнатите резултати се врши континуирано, како за време на имплементацијата на проектот, така и по неговото завршување“*, одговори Ристевски.

**Тој додаде дека Општина Струмица активно работи на обезбедување дополнителни фондови за идни проекти.**

*„Нашата стратегија вклучува проактивен пристап кон искористување на достапните фондови за поддршка на важни иницијативи и проекти. Во моментот, Општината спроведува проект за уредување на парк со зелена инфраструктура во населба Карпош. Овој проект вклучува хортикултурно уредување на површина од 10.063 m², засадување на автохтони и алохтони растенија, уредување на пешачки патеки, изградба на централна жардинерија од природен камен, и поставување на енергетски ефикасно осветлување.”*







*“Дополнително, очекуваме да се одобрат финансиски средства за прекуграничен проект со Бугарија за изградба на велосипедски патеки во пери-градското подрачје на градот Струмица. Овој проект ќе ја прошири градската велосипедска мрежа кон најблиските населени места, со што ќе се подобри поврзаноста и безбедноста на велосипедистите. Општина Струмица продолжува да ги следи сите јавни повици на Европската Унија поврзани со финансирање на проекти. Активно се бараат можности за реализација на проекти кои се во согласност со стратешките цели и приоритети на Општината и кои имаат за цел подобрување на квалитетот на животот на сите граѓани“.*



Без сомнение заклучокот е дека општина Струмица успешно ги користи средствата од европските фондови. Проектите освен што ја зголемуваат активноста на младите, позитивно влијаат и врз целата локална заедница. Општина Струмица има одговорност пред граѓаните да обезбеди квалитетен животен стандард, а европските фондови и проекти се вистинската инвестиција која покажува извонредни резултати.

Се надеваме дека и понатаму општина Струмица ќе одговара на сите јавни повици од Европската Унија и „нашата ѕвезда под небото“ ќе биде сјајна водилка особено во животот на младата популација.

**Ментор:**

**Сузана Тасева**

**Млади новинари:**

**Филип Тодоров, Кристина Борисовска, Александар Делиовски, Марија Чолакова**

# „Еразмус плус“ програмата-мост за поврзување на младите од Северна Македонија со нивните врсници од Европа



Од нови искуства и знаење до размена на студенти, практикантски програми и проекти – програмата „Еразмус+“ создава мост помеѓу младите од Македонија и нивните врсници од Европа. Досегашните искуства покажуваат дека оваа програма е одличен начин за младите од различни делови на Европа да се поврзат, да стекнат нови искуства, да развијат вештини и да го зголемат своето меѓународно разбирање.

Со учество во овие активности, тие имаат можност да изградат мрежи и да создадат врски што можат да им помогнат во иднината. Програмата придонесува за развој на личните и професионалните капацитети на учесниците и ги охрабрува во националната соработка и размена на идеи.

***Ова го потврдуваат и личните примери на неколку млади луѓе од Струмица  кои биле дел од оваа програма.***



Јована Кузмановска учествувала на младинска размена во Романија, кадешто фокусот бил ставен на спортот. Учеството во проектот ѝ овозможило да се запознае со нови култури и да стекне искуства значајни за нејзиниот живот.

*Во текот на целиот проект беа спроведени забавни и иновативни активности кои ми помогнаа да ја постигнам мојата лична цел, да продолжам да се движам напред.  Добив шанса да пробам некои нови спортови за мене како пинг-понг и бадминтон, што никогаш порано не сум ги пробала. Учествувавме и во натпреварувачки игри во паркот, дебати на современи теми околу спортот, лов на богатство и слично. Сите беа навистина пријателски расположени и се погрижија сите да се чувствуваат вклучени. Генерално, проектот беше голем успех благодарение на неверојатниот фасцилитатор и тимот на персоналот. Тоа беше незаборавно искуство кое ќе ми значи многу во иднина, вели Јована.*



Коста Маџиров веќе два пати бил дел од младинските размени преку програмата „Еразмус+“. Според него, двете патувања му донеле нова и подобра перцепција за животот:

*И двете размени на кои учествував беа неверојатни. Стекнав многу пријатели, научив нови вештини и искусив многу култури. Уживав да патувам низ градовите во Полска, да запознавам нови луѓе и да учествувам во проектот!, вели Маџиров.*



Ана Велковска е средношколка. Таа исто така била дел од „Еразмус+“ програмата. За неа, учеството во размената и запознавањето нови луѓе било како да се отвара нов прозорец, особено кога се појавуваат разликите во културата.



За време на мојот неодамнешен проект, имав можност да се поврзам со поединци од различно потекло. Станав свесна дека нашите тинејџерски години се обликувани од нашите средини и традиции. Иако, можеби, споделуваме слични интереси, начинот на кој живееме и ги доживуваме нашите години на формирање може да биде сосема различен. Ова сознание беше фасцинантно и ја истакна убавината на културната различност. Проектот ни овозможи да научиме за културите на едни со други и поттикна чувство на единство и пријателство што го надмина нашето потекло.“ ни рече Ана



Програмата „Еразмус+“ не само што им овозможува на младите луѓе да се развиваат и учат, туку и придонесува кон создавање на инклузивна средина каде различностите се прифаќаат и ценат. Со учество во програмата, младите добиваат можност да се развиваат на професионален и личен план, додека истовремено промовираат разбирање и соработка меѓу млади луѓе од различни држави и региони со различни култури и традиции.

Програмата „Еразмус+“ веќе пет години е присутна и во работењето на невладината организација НОВУС од Струмица. НОВУС постои од 2013 година со оваа програма се запознале во 2019 година. Во изминатите пет години, реализирале околу 30 размени, во кои учествувале повеќе од 300 млади од нашата држава. Организацијата продолжува активно да работи на вакви проекти и само во текот на 2024 година веќе реализирала 10 размени.



Инаку, „Еразмус+“ е програма на Европската унија која покрива области како образование, обука, млади и спорт. Таа им нуди на студентите, наставниците, стажантите и претпријатијата можности за студирање, работа, пракса и размена низ цела Европа. Северна Македонија учествува во „Еразмус+“ на ист начин како земјите-членки на ЕУ.

Новата „Еразмус+“ програма за периодот 2021-2027 година има буџет од 26,2 милијарди евра, во споредба со 14,7 милијарди евра за периодот 2014-2020 година. Овој буџет ќе биде дополнет со околу 2,2 милијарди евра од надворешните инструменти на ЕУ. Со зголемените средства, „Еразмус+“ ќе стане поинклузивна, подигитална и позелена. Исто така, ќе го вклучува и сегментот „Discover EU“, кој им нуди на 18-годишниците можност да добијат европска железничка карта за патување, да учат од други култури и да се запознаат со други Европејци.

**Ментор:**

**Зоран Ѓоргиев**

**Млади новинари:**

**Коста Годев,**
**Ана Велковска,**
**Дуле Јанев,**
**Ива Спасова.**

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Овој документ е изработен во рамки на проектот "Информирана Локална Заедница: Медиумска Писменост и Етичко Известување според ЕУ стандарди", кој е поддржан преку програмата за мали грантови на „Тренинг-Академија за новинари и медиумски работници – Т-АЈМ“, финансирана од Европската Унија.

ЗНМ Здружение на новинарите на Македонија

EFJ FEP European Federation of Journalists

Иницијатива за ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА

ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ НОВУС

Медија Флеш